**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр.: ИТ-04-82- Т

Датум: 8. февруари 2008

Оригинал: англиски

**ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II**

**Судии:** **Судија Кевин Паркер, Претседавач**
**Судија Кристине ван ден Вингаерт**
**Судија Кристер Телин**

**Секретар:** **г. Ханс Холтхуис**

**Датум на поднесување:** **8. февруари 2008**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**ЉУБЕ БОШКОСКИ**
**ЈОХАН ТАРЧУЛОВСКИ**

*ЈАВНО*

# РЕШЕНИЕ ПО ИЗВЕСТУВАЊЕТО СПОРЕД ПРАВИЛО 94*bis* ОД ОБВИНИТЕЛСТВОТО ВО ВРСКА СО СВЕДОКОТ ВЕШТАК СЛАЃАНА ТАШЕВА

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Дан Саксон
г-ѓа Антоанет Иса
г-ѓа Меритeл Реги
г-ѓа Ниша Валабхји
г. Жерар Добин

**Бранители на Обвинетите:**

г-ѓа Едина Решидовиќ и г. Гуенел Метро за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски и г-ѓа Јасмина Живковиќ за Јохан Тарчуловски

1. Овој Судски совет (понатаму во текстот: Судски совет) на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународен суд) е задолжен да решава по „Известувањето според правило 94*bis* од Обвинителството во врска со сведокот вештак Слаѓана Ташева и Итниот поднесок за дополнителни информации со доверливи Анекси А и Б" поднесени доверливо од Обвинителството на 24 јануари 2008 (понатаму во текстот: Известување). Известувањето се однесува на „Експертскиот извештај од д-р Слаѓана Ташева во содгласност со правило 94*bis* од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд" (понатаму во текстот: Извештај) којшто Обвинителството го доби од Одбраната на Бошкоски (понатаму во текстот: Одбрана) на 20 јануари 2008. На 1 февруари 2008 Одбраната поднесе доверлива „Реакција на Одбраната од Бошкоски на Известувањето според правило 94*bis* од Обвинителството" (понатаму во текстот: Реакција). На 5 февруари 2008 Обвинителството поднесе доверлив „Одговор од Обвинителството на Реакцијата од Одбраната на Бошкоски на Известувањето според правило 94*bis* од Обвинителството" со барање дозвола да одговори (понатаму во текстот: Одговор). Барањето ќе биде одобрено.

2. Извештајот беше подготвен од професор Слаѓана Ташева и се однесува на неколку прашања посочени од страна на Одбраната, меѓу кои и, покрај другото, распоредот на работните задачи во рамките на Министерството за внатрешни работи на Македонија, концептот на „овластено службено лице", хиерархијата на командување во Министерството, улогата на Министерот и на вработените во Министерството во однос на кривични истраги и улогата на Министерот во дисциплинска постапка.

3. Обвинителството тврди дека не го прифаќа Извештајот на професор Ташева и ги оспорува нејзините квалификации како вештак и веродостојноста на нејзините ставови. Обвинителството бара да биде издаден налог со кој се одбива прифаќањето на Извештајот. Во случај да биде дозволено професор Ташева да сведочи како сведок вештак, Обвинителството бара дозвола за вкрстено испрашување на професор Ташева. Во таков случај Обвинителството исто така бара да и се наложи на Одбраната да поднесе изменет и дополнет експертски извештај со релевантни наводи на извори во поткрепа на сите изјави и заклучоци изнесени во Извештајот и да му ги достави на Обвинителството документите што професор Ташева ги користела и/или ги цитирала во Извештајот. Обвинителството тврди дека содржината на Извештајот е надвор од експертизата на професор Ташева и забележува дека таа е директор на полициската академија во Скопје, додека Извештајот се однесува на Министерството за внатрешни работи. Обвинителството исто така спори дека познавањето и

експертизата на професор Ташева не се поклопуваат со релевантниот период. Обвинителството тврди дека има тешкотии да утврди на кои документи се потпирала професор Ташева бидејќи оригиналните наслови им биле доставени само на англиски. Тие опишуваат неколку тврдења што ги изнесува професор Ташева во нејзиниот извештај на чиишто извори или се упатува неадекватно или воопшто не се упатува. Обвинителството тврди дека воопшто не им биле доставени копии од пропратниот материјал.

4. Одбраната спори дека професор Ташева ја има потребната експертиза, врз основа на дваесет годишното професионално искуство во Министерството за внатрешни работи и нејзиното искуство во предавање и публикување од областа на прашањата релевантни за доказите што е предвидено да ги изнесе. Одбраната тврди дека нема правна основа за оспорувањата на Обвинителството во однос на веродостојноста на Извештајот од професор Ташева и дека тој може да се преиспита со вкрстено испрашување. Одбраната се согласува дека на Обвинителството треба да му биде одобрено вкрстено да ја испрашува професор Ташева. Што се однесува до тврдењето на Обвинителството дека во Извештајот не се доволно посочени изворите врз коишто се потпирала професор Ташева, Одбраната приложува листа на документи што и биле дадени на професор Ташева и листа на одредби од различни закони релевантни за нејзиниот Извештај (Анекси Б и В од Реакцијата). Одбраната тврди дека професор Ташева исто така се потпирала на своето искуство и познавање на правилата и праксата на Министерството за внатрешни работи и дека веродостојноста на тие информации може да се провери со вкрстено испрашување. Одбраната изјавува дека ќе разговара со професор Ташева за тоа дали таа би можела да посочи дополнителни извори во својот Извештај, и по можност да му достави на Обвинителството изменета и дополнета верзија на Извештајот пред професор Ташева да го започне своето изнесување на доказите пред судот.

5. Во Одговорот Обвинителството тврди дека листите доставени од Одбраната се неадекватни и дека во Извештајот сé уште не се дадени цитирања што би упатувале на конкретните извори на изјавите и оценките на професор Ташева.

6. Правило 94*bis* од Правилникот за постапка и докази (понатаму во текстот: Правилник) пропишува, во релевантниот дел:

> (Б) Во рок од 30 дена од обелоденувањето на изјавата на вештакот, или во рок одреден од страна на Судскиот совет или од страна на Претпретресниот судија, спротивставената страна доставува известување во кое укажува дали:
>
> (i) ја прифаќа изјавата на вештакот и/или извештајот; или

(ii) сака вкрстено да го испраша сведокот; и

(iii) ја оспорува квалификацијата на сведокот како вештак или релевантноста на целата или делови од изјавата и/или извештајот и, во вториот случај, кои делови ги оспорува.

Меѓународниот суд има изнесено мислење дека сведок вештак претставува „лице коешто со некое специјалистичко знаење, вештина или образование може да му помогне на законодавното тело да разбере или да пресуди по некое спорно прашање (и за таа цел сведочи)".[1] Судскиот совет во Предметот *Мартиќ* изнесе мислење дека „во еден експертски извештај мора да има доволно информации за користените извори" и „изворите врз кои се потпира извештајот мора *prima facie* да покажуваат знаци на веродостојност или Судскиот совет мора да биде во состојба да ја преиспита веродостојноста на тие извори".[2]

7. Според биографијата на професор Ташева, приложена кон Реакцијата, од 1981 до 2000 година таа работела како аналитичар во Министерството за внатрешни работи. Со оглед на нејзиното дваесет годишно искуство во Министерството, чијашто структура и функционирање се главна тема на Извештајот на професор Ташева, фактот што таа сега не работи таму е од занемарлива важност. Во овие околности, исто така не е важно што професор Ташева не работела во Министерството во периодот релевантен за Обвинението во овој предмет. Се чини дека таа заминала од Министерството во годината веднаш пред настаните што се наведуваат во Обвинението и не постојат индикации дека структурата на Министерството се изменила значително по нејзиното заминување.

8. Професор Ташева предава кривично право на еден македонски универзитет[3] и нејзината експертиза во однос на македонското кривично право може да му биде од корист на Судски совет, особено во врска со оние делови од нејзиниот Извештај и понудените докази што се однесуваат на кривични истраги. Поради тие причини, Судски совет е убеден дека професор Ташева е адекватно и доволно квалификувана да изнесува докази како вештак по прашањата посочени од страна на Одбраната. Конкретни прашања во врска со нејзините квалификации може да бидат поставени во вкрстено испрашување, доколку таа дојде да сведочи.

9. Судскиот совет обрнува внимание на Анексите Б и В кон Реакцијата, коишто содржат листа на документи што и биле доставени на професор Ташева и листа на одредби релевантни за Извештајот. Обвинителството изразува загриженост дека без да ги знае

[1] *Обвинителот против Станислав Галиќ*, Предмет бр. ИТ-98-29-Т, Решение во врска со сведоците вештаци Ева Табеау и Ричард Филипс, 3. јули 2002, стр. 2.
[2] *Обвинителот против Милан Мартиќ*, Предмет бр. ИТ-95-11-Т, Решение по поднесувањето од Одбраната на експертскиот извештај според правило 94*bis* од професор Смиља Аврамовиќ, 9. ноември 2006, параграф 9.
[3] Реакција, параграф 10; Анекс А кон Реакцијата.

изворите на кои таа се потпирала ќе биде тешко да се подготви за вкрстено испрашување на професор Ташева, доколку таа дојде да сведочи. Листите доставени од страна на Обвинителството ги задоволуваат овие барања. Тие содржат наслови на документите користени од страна на професор Ташева, со број на доказен предмет за оние документи што биле прифатени во доказните списи и броеви според правило 65*ter* за другите документи, како и имињата на сведоците чиишто докази и биле доставени со цел за подготовката на Извештајот, како и повеќе одредби од закони релевантни за Извештајот. Информациите доставени од Одбраната се доволно прецизни за да му овозможат на Обвинителството да ги определи документите на коишто професор Ташева ги засновала своите тврдења изнесени во Извештајот. Бидејќи практично сите документи се во доказните списи, Судскиот совет е убеден дека нивната веродостојност може лесно да се провери или веќе била проверена во времето на нивното прифаќање.

10. Не е дадена информација за врската на изворите доставени од страна на Одбраната во Анексите Б и В од Реакцијата со конкретни тврдења изнесени во Извештајот. Според тоа останува нејасно кои тврдења се засновани на одредбите од македонскиот закон или други документи, а кои се изнесени само врз основа на искуството на професор Ташева. Имајќи ги предвид деталните листи на извори користени во подготовката на Извештајот, коишто Одбраната ги обезбеди како реакција на Известувањето, Судски совет смета дека недостатокот на цитирање на изворот врз кој се потпираат конкретните тврдења изнесени во Извештајот не дава причина за налог за поднесување на дополнителен Извештај. Недостатокот може да се надомести на судењето со поставување на релевантни прашања на сведокот вештак. Сепак Судски совет забележува дека може да се заштеди значително време што би било неопходно за страните да ги утврдат преку сведокот основите на нејзините конкретни тврдења, кога во Извештајот изворите би биле соодветно цитирани. Во својата Реакција Одбраната се обврза да разговара за тоа со професор Ташева пред нејзиното појавување како сведок и тврди дека доколку таа е во можност да го дополни Извештајот со бараните референци, Одбраната ќе му достави на Обвинителството дополнет Извештај. Судскиот совет забележува дека за ова ветување да има вистински ефект Одбраната треба да се потруди да достави дополнет Извештај во време што би му дало можност на Обвинителството да ги прегледа новодоставените референци и да се подготви за вкрстеното испрашување по прашања што би произлегле од тие референци.

11. Поради гореизнесените причини и во согласност со правило 54, 94*bis* и 126*bis* од Правилникот Судскиот совет

**ГО ОДОБРУВА** барањето на Обвинителството да одговори на Реакцијата;

**СМЕТА** дека професор Слаѓана Ташева ги исполнува условите за вештак, според толкувањето на правило 94*bis* и судската пракса на Меѓународниот суд;

**ГО ОДБИВА** барањето на Обвинителството за налог со кој се одбива прифаќањето на Извештајот;

**НАЛОЖУВА** професор Ташева да се појави за вкрстено испрашување;

**ДОНЕСУВА РЕШЕНИЕ** дака Известувањето е неважечко во делот што се однесува на посочување на извори врз кои се потпира Извештајот;

**ОБРНУВА ВНИМАНИЕ** на ветувањето на Одбраната да му достави на Обвинителството нова верзија од Извештајот дополнета како што се тврди во Реакцијата и ја **ПОВИКУВА** Одбраната да го стори тоа колку што е објективно можно порано со цел да му се овозможи на Обвинителството да го подготви своето вкрстено испрашување на професор Ташева;

**ГИ ОДБИВА** останатите барања вклучени во Известувањето.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)
Судија Кевин Паркер
Претседавач

Датирано од 08. февруари 2008,
Во Хаг
Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**